РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр.08-57
Скопје 02.03.2016г.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеји 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), а согласно член 134 став 4 и член 223 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“, бр.38/05, 110/08 и 51/11) и член 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со предлогот Уп1 бр.08-57 од 29.02.2016 година, на Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-1148/4 од 29.02.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 10-та седница одржана на 29.02.2016 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

**СЕ ЗАПИРА** покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-117 од 05.01.2015 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-117 од 05.01.2015 година, Агенцијата на ден 08.01.2016 година, му доставила фактура за надоместокот за дозволата за радио емитување бр.2016-100-0106 (наш арх.бр.05-209/1), со која радиодифузерот имал обврска да плати 34.601,00 (триесетичетирииљадиишестотиниеден) денар, за годишен надоместок за дозвола за радио емитување, за периодот од 05.01.2016 година заклучно со 04.01.2017 година. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека фактурата била уредно примена на 11.01.2016 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот бр.05-830/1 од 11.02.2016 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Законскиот рок за плаќање на фактурата бр.2016-100-0106 (наш арх.бр.05-209/1) беше 09.02.2016 година, во кој рок радиодифузерот не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување.

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 7-та седница одржана на ден 16.02.2016 година, со Заклучок, бр.02-871/22 од 16.02.2016 година, го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, УП1 бр.08-57 од 15.02.2016 година и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-117 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), со оглед на фактот дека радиодифузерот не го плати надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на ден 17.02.2016 година, до погоренаведениот радиодифузер беше испратено известување УП1 бр.08-57, со кое беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

Меѓутоа, до Директорот на Агенцијата на ден 29.02.2016 година доставено е известување од Секторот за правни и економско-финансиски работи, Одделение за економско – финансиски работи на Агенцијата, бр.05-830/2, дека Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, на ден 26.02.2016 година и на ден 29.02.2016 година изврши вкупна уплата во износ од 34.601,00 (триесетичетириилјадиишестотиниисден) денар, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеји 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), согласно член 134 став 4 и член 223 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11) и член 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со предлогот Уп1 бр.08-57 од 29.02.2016 година, на Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-1148/4 од 29.02.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 10-та седница одржана на 29.02.2016 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп.

Врз основа на погоре наведеното се донесе заклучок како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Согласно член 225 став 1 од Законот за општата управна постапка, против овој заклучок не е допуштена посебна жалба.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп;
- Секторот за информатичка подршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1.